# КАКО ДО ПОГОЛЕМ БРОЈ ПРАТЕНИЧКИ?

пропорционален изборен систем со големи изборни единици или една ИЕ и затворени изборни листи

повисоки родови квоти и правила за редослед на кандидатските листи на пр. патент-систем

поголемо јавно финансирање за партии/коалиции со родов паритет во своите пратенички групи и финансиски стимулации за партии/коалиции ако поднесат кандидатски листи со целосен родов паритет

јавно финансирање на родово насочени активности како обука, менторство и други програми за поддршка на учеството на жените во политиката

еднаков пристап до медиумите на жени и мажи политичари и обезбедување еднаква медиумска видливост на жени и мажи кандидати во изборните периоди

забрана за говор на омраза, мизогини вербални напади, сексуално и онлајн-вознемирување и други форми на родово базирано насилство

# КАКО ДО РОДОВО СЕНЗИТИВНО ЗАКОНОДАВСТВО?

- процената на влијанието на регулативата (ПВР) да содржи и родова проценка на политиките (РПП)
- користење на ЕНЕР за разгледување на предлог-законите и коментарите пред предлог-законот да влезе во собраниска процедура
- можност да биде побарано од ОДИХР да ја процени усогласеноста на законите со меѓународните стандарди за човекови права и воспоставените добри практики
- развивање сопствена алатка на Собранието за проценка на родовото влијание при подготовка, разгледување и надзор на законите и политиките
- потесна соработка на различните собраниски тела по прашања поврзани со родовата еднаквост
- консултации и совети со граѓански организации и експерти и користење на услугите на Парламентарен институт
- ефективен надзор на законите и политиките на извршната власт